

## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА УПИС НА ПРВАЧЕ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ:

### ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС НА ПРВАЧЕ:

Врз основа на член 60 од Законот за основно образование - Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година при запишување на детето во прво одделение родителот/старателот е должен за своето дете да ја обезбеди следната документација:

**– Потврда за примени задолжителни вакцини за детето (оригинал документ)**
**– Потврда од стоматолошки преглед од поликлиника Букурешт (оригинал документ)**
**– Потврда од офталмолог (оригинал документ)**
**– Извод од матична на родените (фотокопија)**
**– Лична карта на еден од родителите/старателите (фотокопија)**
**– За запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ (оргинален документ)**

**ВАЖНО:**ВО ПЕРИОДОТ ОД 24 АПРИЛ(понеделник) до 28 АПРИЛ(петок) и сабота 29 АПРИЛ ОД 8 – 14 ЧАСОТ ВО ПОЛИКЛИНИКА БУКУРЕШТ БЕЗ ЗАКАЖАН ТЕРМИН МОЖЕ ДА ГИ РЕАЛИЗИРАТЕ СТОМАТОЛОШКИТЕ И ОФТАМОЛОШКИТЕ ПРЕГЛЕДИ ЗА ДЕТЕТО И ДА ГИ ОБЕЗБЕДИТЕ ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС.**Ова е новина од оваа година како резултат на потпишан меморандум за соработка помеѓу Општина Карпош и Поликлиника Букурешт!!!**



**ОВАА ГОДИНА ПРВАЧИЊА СЕ ДЕЧИЊАТА КОИ СЕ РОДЕНИ ВО 2017 ГОДИНА или до 31 ЈАНУАРИ 2018 :**

*** Согласно законската регулатива РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ Е ДОЛЖЕН ДА ГО ЗАПИШЕ ДЕТЕТО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОКОЛКУ ДО КРАЈОТ НА КАЛЕНДАРСКАТА ГОДИНА НАПОЛНИ ШЕСТ ГОДИНИ. ДЕТЕТО МОЖЕ ДА БИДЕ ЗАПИШАНО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ И ДОКОЛКУ НАПОЛНИ ШЕСТ ГОДИНИ ДО 31 ЈАНУАРИ 2024,ПО ПРЕТХОДНО БАРАЊЕ НА РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ И СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ОД ПЕДАГОГОТ ИЛИ ПСИХОЛОГОТ ОД УЧИЛИШТЕТО.**

**РЕОНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ:**

**ВАЖНО: СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕОНИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА КАРПОШ бр.09-2813/3 од 10.04.2019,одлуката за изменување и дополнување бр.09-3199/16 од 20.04.2023 и одлуката за изменување и дополнување бр. 09-2323/12 од 30.03.2023 година при уписот на првачињата родителот/старателот е должен да достави:**

- **ДОКУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ПОСТАР ОД 18 МЕСЕЦИ ОД ДЕНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО НА ЛИЧНИОТ ДОКУМЕНТ ДО ДЕНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕТОНА ДЕТЕТО СО АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ ОД РЕОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО, ИЛИ**

- **ДОКОЛКУ ДОКУМЕНТОТ Е ПОНОВ ОД 18 МЕСЕЦИ,РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ ТРЕБА ДА ДОСТАВИ ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНОСТ(ИМОТЕН ЛИСТ ЗА НЕДВИЖНОСТА ИЛИ ПИСМЕН ДОКАЗ (УПЛАТНИЦА) ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ - НЕДВИЖЕН ИМОТ (СТАН-КУЌА), ДЕКА ПОСТАПКАТА НА КУПУВАЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ Е ВО ТЕК, ИЛИ**
- **ДОКОЛКУ РОДИТЕЛОТ/СТАРАТЕЛОТ НЕМА НЕДВИЖЕН ИМОТ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ СО АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ ОД РЕОНОТ КАДЕ ШТО ПРИПАЃА УЧИЛИШТЕТО,А ЖИВЕЕ ВО РЕОНОТ ВО ЗА КУПЕНА НЕДВИЖНОСТ ПОТРЕБНО Е ДА ДОСТАВИ ДОГОВОР ЗА ЗАКУП ВО ФОРМА НА ИСПРАВА ВРЗ ОСНОВА НА КОЈА Е РЕГУЛИРАНА ДАНОЧНАТА ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ ДАНОК,ОДНОСНО ДОКАЗ ДЕКА ДОГОВОРОТ ЗА ЗАКУП Е УРЕДНО ПРИЈАВЕН ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ И ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА ПОСЕДУВА ЛИЧЕН ДОКУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА СО ПРЕБИВАЛИШТЕ (ОДНОСНО АДРЕСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ) ОД РЕОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО.**

Согласно член 63 (став 5) според кој Основачот го утврдува реонот на основните училишта за запишување на учениците, на ООУ ,,Лазо Трповски,, **Реонот на општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ја опфаКа територијата на урбаната заедница „Карпош 3”, што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на север до реката „Вардар“, на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Љубљанска“. Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ,**

**СОГЛАСНО ЧЛЕН 14 ОД ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ – ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ МОЖЕ ДА ЗАПИШЕ УЧЕНИЦИ ОД ДРУГ РЕОН ИЛИ ДРУГА ОПШТИНА ДОКОЛКУ ИМА СЛОБОДНИ МЕСТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ!!!**

**НА ОВОЈ РЕОН припаѓаат следниве улици:**

| | | |
|---|---|---|
| Бул ,,Илинден,, 138, 136, 137, 186 и 187 | ул.,,ДрагишаМишовиќ,, | ул,,Љубљанска,, |
| ул,,Никола Русински,, | ул,,Радика,, | ул,,Бледски договор,, |
| ,,бул Партизански одреди бр, 62, 64А, 64Б, 66А, 66Б, 102, 106, 72 | ул,,Огражден, | ул,,Манапо,, |
| ул,,Карпошово востание | ул,,Струма,, | бул,,8-ми Септември,, |
| ул.,,ТрифунПановски,, | ул,,Пелистерска,, | ул,,РобертКох,, |

**ТИМ НА ООУ,,ЛАЗО ТРПОВСКИ,,**

